**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403 –613/7**

**Скопје, 24. 12. 2008 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации (930) на Општина Петровец за 2007 година, кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметката за Наменски дотации (930) на општина Петровец, за годините кои и предходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Звонко Цветковски, Градоначалник на Општина Петровец во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена од 16.09.2008 до 17.09.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Во текот на 2007 година општинските буџетски корисници по истекот на секој месец не доставувале до општината месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови за месецот за кој се однесува. Ова не е во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и има за ефект неисполнување на законските обврски од страна на буџетските корисници. Од јануари 2008 година корисниците постапуваат согласно Законот.

10.1.2. На сметката за Наменски дотации (930) на Општина Петровец на ден 31 декември 2007 година има неискористени средства од корисниците на наменските дотации во износ од 3,318 илјади денари, што не е во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Овие средства останале неискористени од причина што спроведената јавна набавка од страна на општината за превоз за учениците за учебната 2007/2008 година била неуспешна. Не почитување на законската регулатива и спроведување на постапки кои не се во согласност со истата придонесува за ненавремено реализирање на активностите од страна на корисниците на наменски дотации. Планираните средства се одобрени за истата намена во наредната година со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Петровец за 2008 година

**Препорака:**

Средствата на сметката за наменски дотации да се трошат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година за која се дотирани, согласно финансиските планови на корисниците на тие средства.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации (930) на Општина Петровец на ден 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Мислење за наменско и законско користење на средствата за наменски дотации по корисници ќе се изрази во извештаите на државните ревизори за финансиките извештаи на соодветните корисници на средствата за наменски дотации.

**Скопје, 18.12.2008 година** **Овластен државен ревизор**

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**Општина Петровец – Сметка за наменски дотации 930**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 6.919 | 4.489 |
| **Вкупно приходи** | | **6.919** | **4.489** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 3.528 | 3.211 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3.528** | **3.211** |
| **Капитални расходи** | 3.2.2. | **73** | **116** |
| **Вкупно расходи** | | **3.601** | **3.327** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **3.318** | **1.162** |

**Општина Петровец – Сметка за наменски дотации 930**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 3.318 | 1.162 |
| **Вкупно тековни средства** | | **3.318** | **1.162** |
| **Вкупна актива** | | **3.318** | **1.162** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 3.318 | 1.162 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **3.318** | **1.162** |
| **Вкупна пасива** | | **3.318** | **1.162** |